## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „БОТАНИКА“ ОД ПРОФ. Д-Р ВЕРИЦА ИЛИЕВА, ПРОФ. Д-Р ДРАГИЦА СПАСОВА И ДОЦ. Д-Р НАТАЛИЈА МАРКОВА-РУЖДИЌ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1302-60/13 од 148. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 16.2.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- проф. д-р Фиданка Трајкова, вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„БОТАНИКА“** од **проф. д-р Верица Илиева, проф. д-р Драгица Спасова и доц. д-р Наталија Маркова-Руждиќ,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Ботаника” од проф. д-р Верица Илиева, проф. д-р Драгица Спасова и доц. д-р Наталија Маркова Руждиќ е концепиран и пишуван според наставниот план и програма на предметот Ботаника, кој се изучува на студиите од прв циклус на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, во прва година, втор семестар, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 3+2+2 и 8 ЕКТС.

Согласно со студиските програми на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, изборот на содржината на материјалот во овој учебник претставува сигурна основа за добра подготовка и вовед за успешно земјоделско производство.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на учебник по предметот Ботаника, е претставен на вкупно 305 страници, со 295 слики и 3 табели. Сликите, табелите и шематските прикази дополнително го олеснуваат следењето, разбирањето и совладувањето на основниот материјал. Материјалот е пишуван во А4 формат, со нормален проред. Употребен е фонт Arial, со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, која е во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за учебник и кореспондира со бројот на часови на предметот Ботаника за студентите на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебник што обработува иста содржина досега не е објавен на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Материјата од некои поглавја е застапена и во други скрипти и книги од биолошките и земјоделските науки, кои обработуваат ботанички теми, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата ракописот е оригинално дело.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик за студентите. Материјата е концепирана во неколку поглавја и тоа: вовед, цитологија на растенијата, хистологија на растенијата, морфологија и анатомија на растителните органи, размножување на растенијата, систематика на растенијата и користена литература.

Во првото поглавје *ВОВЕД* е дадено воведување и запознавање на студентите со предметот и задачите на ботаниката, потоа нејзиното значење, карактеристиките на живите системи (метаболизам, висок степен на организираност и комплексност, авторепродукција и иритабилност), потеклото и еволуцијата на живите системи како и значењето на растенијата.

Второто поглавје е означено како *ЦИТОЛОГИЈА НА РАСТЕНИЈАТА*. Во него се дадени основните термини и дефиниции за клетката која претставува основна структурна и функционална единица на живите организми. Во овој дел авторите ја презентираат организацијата на неклеточните и клеточни форми, понатаму разликите помеѓу растителната и животинската клетка, како и големината и формата на растителната клетка. Посебно внимание е посветено на хемискиот состав на клетката односно на неорганските (вода и минерални материи) и органските (протеини, јаглехидрати, липиди и нуклеински киселини) соединенија, како и на физичките својства на клетката. Во ова поглавје детално и прегледно е објаснета структурата на растителната клетка. Посебен акцент е даден на органелите на растителната клетка, како во поглед на нивната градба така и во однос на нивната функција.

Третото поглавје обработува теми од *ХИСТОЛОГИЈА НА РАСТЕНИЈАТА*. Во него е даден опис за структурата и функцијата на меристемските (творни) и трајните (диферинцирани) ткива и нивната поделба според функцијата која ја имаат во растението.

Темата во четвртото поглавје е *МОРФОЛОГИЈАТА И АНАТОМИЈАТА НА РАСТИТЕЛНИТЕ ОРГАНИ*. Во ова поглавје, авторите ја објаснуваат морфолошката и анатомската градба како на вегетативните така и на генеративните органи. Изучувањето на анатомските и морфолошките својства на растенијата, како и процесите на нивниот раст и развиток, се од особено значење за работата во другите научни дисциплини.

Во петтото поглавје РАЗМНОЖУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈАТА се презентирани начините на бесполовото размножување односно: вегетативно (природно и вештачко*)* размножување и размножување со спори, како и полово размножување на растенијата.

Шестото поглавје е посветено на *СИСТЕМАТИКА НА РАСТЕНИЈАТА*. Во овој дел авторите ја претставуваат таксономската припадност на растенијата во системот на живи суштества. Ги запознаваат студентите со основната систематска единица, вид (*species*), како и со повисоките и пониските категории од видот. Од сите шест царства презентирани се позначајните претставници со нивните општи карактеристики. Посебен осврт и внимание е посветено на систематската припадност на вишите растенија. Преку прегледни впечатливи слики се дадени поважните претставници од вишите растенија и нивните карактеристики, кои се од особен интерес за растителното производство.

Сите тематски поглавја се поткрепени со соодветно цитирана литература од домашни и странски еминентни автори и научници, која истовремено претставува и дополнителна информација за сите оние студенти и корисници кои имаат желба да ги прошират своите сознанијата од обласа на ботаниката.

**ЗАКЛУЧОК**

Материјата обработена во ракописот со наслов „Ботаника” од проф. д-р Верица Илиева, проф. д-р Драгица Спасова и доц. д-р Наталија Маркова-Руждиќ  во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Ботаника за студентите на прв циклус на студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Наставните единици се елаборирани системски и прегледно, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат и разберат суштината на предвидената содржина од областа на ботаниката. Според начинот на елаборирање на материјата, овој учебник ги исполнува сите стандарди за публикување, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во совладувањето на овој предмет.

Поради тоа, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „Ботаника” од проф. д-р Верица Илиева, проф. д-р Драгица Спасова и доц. д-р Наталија Маркова-Руждиќ да биде издаден како учебник за студентите на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Лилјана Колева-Гудева с.р.**
**Проф. д-р Фиданка Трајкова, с.р.**